Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), а во врска со член 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сректор (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2014, 199/2014, и 27/2016), Советот на Општина Карпош на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општина Карпош – Скопје

1. Се дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година во Општина Карпош – Скопје.

2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања во Буџетот за 2019 година на Општина Карпош – Скопје, да предвиди средства за реализација на Годишниот план за вработување за 2019 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник” на Општина Карпош –Скопје.

Број: 09-3199/5
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за распишување Јавен оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Јавен оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3447/4**
**Датум: 24.04.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 15, став 1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на елокогијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), дел II.Проектни активности, точка 1.Одделение за екологија, потточка 1.6.Субвенционирање на купување велосипед, Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за субвенционирање на купување нови велосипеди на жителите на Општина Карпош, во износ од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари.

Субвенциите ќе се доделуваат по принципот прв дојден прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, Програма Р10 заштита на животна средина и природа, ставка 464 разни трансфери, потставка 464 990 други трансфери.

**Член 2**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, во висина од 300.000,00 (триста илјади) денари.

**Член 3**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и

во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

По исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, за исплата на субвенции, Општината ќе објави јавно соопштение дека субвенционирањето за тековната 2018 година е завршено.

**Член 4**

Постапката за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди ќе ја спроведе Комисија во состав: Петар Теов- Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Марко Петрушевски- Сектор за развој, Александра Спасовска- Сектор за финансиски прашања.

**Член 5**

Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Лична карта во фотокопија,
- Трансакциска сметка, во фотокопија
- Фискална сметка со сметкопотврда или фактура за купен велосипед во оригинал, кој е купен не порано од 26.04 2018 година
- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција и добиле средства по истата од Град Скопје, немаат право да учетвуваат по огласот.

**Член 6**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за одобрување субвенции за купување нови велосипеди и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на субвенции за купувањенови велосипеди, до исрпување на предвидените средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 7**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

Член 8

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-3199/6
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/5
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 98 и член 99 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2015) и член 154 од Деловникот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа Иницијативата за измена на Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/15), поднесена од членот на Советот Филип Даскаловски.

**Член 2**

Во согласност со Иницијативата од член 1 на оваа Одлука, се задолжува Градоначалнмикот на Општина Карпош да изготви Предлог на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош и истата да ја достави до Советот на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09- 3199/7
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Карпош, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/6
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Карпош бр.09-1788/6 од 7.3.2018 година, донесена на осмата седница („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2018), на начин што членот 4 се дополнува со следните претставници:

- Александар Маркоски – Јавен обвинител-Јавно обвинителство на Република Македонија
- Бојана Атанасова-претставник од Министерство за здравство
- Наташа Ниќифоровиќ – претставник од религиозните заедници

**Член 2**

По изменувањето и дополнувањето, членот 4 гласи:

**„Член 4“**

Со Локалниот Совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев.

Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

- Александар Маркоски – Јавен обвинител-Јавно обвинителство на Република Македонија
- Владо Симјановски – Командир на полициска станица од општина надлежност Карпош
- Бобан Стојковски – Помошник командир на Полициска станица од општа надлежност Карпош
- Игор Здравковски- самостоен инспектор во Одделението за превенција при СВР Скопје
- _______________________________- Пратеник во Собранието на Република Македонија
- ______________________________ - Пратеник во Собранието на Република Македонија
- Андреј Манолев - Претседател на Советот на Општина Карпош
- Наташа Пеливанова-член на Советот на Општина Карпош
- Мики Филев -член на Советот на Општина Карпош
- Владимир Кроневски-член на Советот на Општина Карпош

- Сашо Лазаровски -член на Советот на Општина Карпош
- Горан Михајлов -член на Советот на Општина карпош
- ______________________________-претставник од НВО
- ______________________________-претставник од Министерство за образование
- Бојана Атанасова-претставник од Министерство за здравство
- Наташа Ниќифоровиќ-претставник од религиозните заедници
- ________________________________-претставник од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Град Скопје
- _____________________________ -претставник од електронските медиуми
- ______________________________-претставник од печатените медиуми
- Ранко Петровиќ -претставник од радио медиуми.“

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/8
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлука за прифаќање на донација од Амоет Дооел Скопје

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Амоет Дооел, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/7
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на донација од Амоет Дооел Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од Амоет Дооел - Скопје - давател на донација, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра – 3 прочистувачи за воздух. модел Blue Pure 221 и 3 резервни филтри за детските градинки во Општина Карпош.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Прочистувачот за воздух, предмет на оваа одлука дефиниран во член 1 на истата, да се додели на користење на јавна установа општинска детска градинка од подрачјето на Општина Карпош, чиј основач е општината.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/9
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за прифаќање на донација од АД ЕЛЕМ електрани на Македонија**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за прифаќање на донација од АД ЕЛЕМ електрани на Македонија, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/8
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за поништување на Одлуката за прифаќање на донација од АД ЕЛЕМ електрани на Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за прифаќање на донација од АД ЕЛЕМ електрани на Македонија, бр.09-9287/40 од 26.12.2017 година, донесена на петтата седница на Советот на Општина Карпош, (Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/10
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за давање согласност на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“Скопје за прифаќање донација во жирални давања од АД ЕЛЕМ Скопје**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“ Скопје за прифаќање донација во жирални давања од АД ЕЛЕМ Скопје, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/9
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“Скопје за прифаќање донација во жирални давања од АД ЕЛЕМ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош дава соглсност на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“Скопје за прифаќање донација во жирални давања од АД ЕЛЕМ Скопје, во износ од 360.000.00 денари, кои ќе се искористат за набавка на 9 (девет) прочистувачи на воздух за 9 (девет) занимални во ЈУОДГ „Пролет“ Карпош Скопје во објектот Управа или Матичен, со седиште на ул.„Миле Поп Јорданов“бр.74, Скопје.

**Член 2**

Износот на финансиските средства на донација од член 1 на овој Договор, ќе се исплатат на примателот на донацијата, на посебна донаторска сметка на градинката ЈУОДГ„Пролет“-Скопје.

**Член 3**

Се задолжува ЈУОДГ „Пролет“ Карпош-Скопје да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/11
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Оштина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Оштина Карпош, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/10
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 15, став 1, точка 9 и став 5, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21 и член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија), а во врска со член 4, став 2, член 34, став 1, точка 2 и член 94, став 3 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11; 41/14; 129/15; 71/16; и 106/16), врз основа на Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.12/06, како и врз основа на Одлуката за утврдување на персоналниот состав на силите за заштита и спасување („Слуужбен весник на Република Македонија“ бр.124/2006), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Оштина Карпош

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош формира Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со цел спроведување на подготовките и превземањето мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, како и отстранувањето на последиците предизвикани од нив.

### Член 2

Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи и отстранувањето на последиците предизвикани од нив е работа од јавен интерес за Општина Карпош.

Заштитата и спасувањето во Републиката, покрај другите субјекти наведени во Законот ги спроведуваат и органите на Општината.

**Член 3**

Просторните сили за заштита и спасување (Шаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување) за дејствување на подрачјето на Општина Карпош, се формираат како универзални сили и се опремуваат, обучуваат и оспособуваат за давање на:

-Прва медицинска помош;
- Гаснење на помали почетни пожари;
- Спасување на загрозени и затрупани лица во плитки урнатини;
- Спасување од поплави;
- Учество во засолнување и
- Евакуација и згрижување на населението.

**Член 4**

Универзалните единици во Просторните сили за заштита и спасување се во големина на вод.

За подрачјето на Општина Карпош се формира универзална единица во големина на вод составена четири одделенија.

Единицата што е формирана ќе дејствува на подрачјето на Општина Карпош, како единствен систем за заштита и спасување.

**Член 5**

Штабот за заштита и спасување што се формира на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош го усвојува Советот на Општина Карпош и истиот е составен од:

- **Командант на Штаб** – Стефан Богоев (Градоначалник на Општина Карпош)
- **Началник на Штабот** – Раде Мицковски (Раководител на Одделението за заштита и спасување)

**Помошници на началникот на штабот:**

1. Помошник на Началникот за оперативни работи – Стојан Алексов (Секретар на Општина Карпош)
2. Помошник на Начаникот за прва медицинска помош – Димитар Зимбаков диференцијален педијатар во пензија (Член на Советот на Општина Карпош)
3. Помошник на Началникот за згрижување и евакуација – Петар Теов (Раководител на Секторот за екологија и енергетска ефикасност)

4. Помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави – Зорица Китанова (Помошник раководител на Секторот за урбанизам)
5. Помошник за началникот за заштита од пожари – Соња Крајничанец (Виш соработник за реализација на програми од областа на уредување на градежно земјиште)

**Помошен персонал**

1. Ракувач со компјутери и средства за врски - Златко Чегар (Раководител на Одделение за ГИС)
2. Администратор - Душко Бужаровски (Помошник раководител на Секторот за поддршка на Градоначалникот)
3. Извршител/Возач - Александар Симоноски (Виш соработник за управување со кризи)
4. Извршител/Курир - Александар Бурековиќ (Соработник за финансиски прашања)

**Член 6**

Општинскиот Штаб има обврски да ги преземе сите дејствија поврзани со заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, согласно постоечките закони.

**Член 7**

Просторната универзална единица за заштита и спасување во својот состав имаат командант, командири и одреден број на извршители.

Командите се составени од командир, заменик командир и извршители, кои ги именува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 8**

Материјалните и финансиските средства на Просторните сили за заштита и спасување кои се формираат за дејствување на подрачјето на Општина Карпош и кои ги формира Советот на Општина Карпош, на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош, (како на пример теренско возило, шатори, чамци, пумпи, униформи, носилки, лопати, копачи, гребла и друго), се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош.

**Член 9**

Просторните сили за заштита и спасување на Општина Карпош можат да примаат донации, во согласност со Закон.

**Член 10**

Обуките и презентации на Просторните сили за заштита и спасување, се дефинирани во Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување, истите се усвоени од Советот на Општина Карпош и се предвидени во Буџетот на Општина Карпош.

**Член 11**

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, дејствуваат на подрачјето на Општина Карпош, каде што ќе се појави потреба за тоа.

**Член 12**

Со Просторните сили за заштита и спасување и со другите учесници ангажирани во заштитата и спасувањето раководи Командатот на Штабот за заштита и спасување.

**Член 13**

Начинот на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување и командите се пропишани со Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/06), донесена од на Владата на Република Македонија.

**Член 14**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 15**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за начинот на формирање на просторните сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите, бр.07-8400/6 од 10.12.2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.17/2014).

Број: 09-3199/12
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за определување на член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

1. Се објавува Решението за определување на член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/11
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 67 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за определување член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“Скопје – Факултет за драмски уметности**

1. За претставник од Општина Карпош во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје-Факултет за драмски уметности, се определува Димитар Оровчанец, член на Советот на Општина Карпош.

2. Со донеусвање на ова Решение, престанува да важи Решението за определување член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје-Факултет за драмски уметности, бр.07-1941/4 од 14.3.2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2014).

3. Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работтата на Советот на Општина Карпош да достави примерок од ова решение до Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје - Факултет за драмски уметности.

4. Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/13
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“- месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2018**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за потпишување на Договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“- месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2018, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/12
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за давање согласност за потпишување на Договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“- месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2018**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност Градоначалникот на Општина Карпош да потпише Договор за превземање на дел од обврските за одржување и чистење на каналската мрежа на подрачјето на ХМЦ „Бардовци“- месна заедница Бардовци-Општина Карпош за 2018 со Подружница „Скопско поле“ управувач со ХМЦ „Бардовци“ – дел од АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје.

**Член 2**

Општина Карпош врз основа на потпишаниот Договор ќе биде согласна да плати на Подружницата „Скопско Поле“ управувач со ХМЦ „Бардовци“-дел од АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост, надомест од 360.000,00 денари без пресметан ДДВ од 5% во согласност со Одлуката за определување на воден надоместок утврдена од Одборот на директори на АД Водостопанство на РМ за вкупна површина од 60 ха предвидена за наводнување во 2018 под ХМ систем за наводнување, сопственост на индивидуалните земјоделски производители, односно водокорисниците.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година. Општина Карпош ќе има обврска да го плати вкупниот наведен износ на 2 (две) месечни рати, но не подоцна од месец октомври 2018 година.

**Член 4**

Согласно потпишаниот Договор, АД Водостопанство на Република Македонија – Подружница „Скопско Поле“ за сметка на превземената обврска од страна на Општина Карпош ќе има обврска редовно и навремено во текот на производната 2018 година да ја одржува и чисти каналската мрежа за наводнување на подрачјето од ХМЦ „Бардовци“, односно и во услови на намалено ниво на

вода кај тиролскиот зафат на реката Лепенец, преку интервенции ќе овозможи континуиран доток на вода за наводнување.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-3199/14
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образовението за 2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/13
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23 април 2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во точка II.Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- во точка „8.Поддршка на проекти од областа на образованието“
- во точка „11. Десетка за Карпош“
- во делот вкупна предвидена финансиска рамка

II. Во точка „8.Поддршка на проекти во областа на образованието, во делот „Опис на активности:“ се брише текстот„Поддршка на проекти од областа на образованието, како и на ученици и поединци за едукација, доедукација, усовршување и учество на натпревари“ и на негово место се запишува текстот: „Финансиска поддршка на проекти, едукации, доедукации, усовршувања и учества на натпревари и други активности од областа на образованието за ученици и граѓани, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на образованието за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година. Во точка 8. Во делот„Предвидена финансиска рамка: износот 3.700.000,00 денари останува непроменет.

По изменувањето и дополнувањето точка 8 гласи:

| 8. | Поддршка на проекти од областа на образованието Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | „Финансиска поддршка на проекти, едукации, доедукации, усовршувања и учества на натпревари и други активности од областа на образованието за ученици и граѓани, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на образованието за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година. |
| Стратешки насоки и цели: | -Поддршка на проекти<br>-Поттикнување за учество на разни натпревари во земјава и странство<br>-Поттик за доедукација и усовршување |
| Очекувани резултати: | Со финансиската помош што ја дава Општина Карпош се очекува подигнување на нивото за едукација и професионално усовршување и реализација на поддржаните проекти. |
| Целна група: | Ученици, поединци, здруженија на граѓани, претпријатија , од општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 3.700.000,00 |
| Трошоци: | -Трошоци поврзани со проекти, едукација, доедукација, учество на натпревари, семинари, |

| | |
|---|---|
| | конференции и др. |

III. Во точка „11.Десетка за Карпош“,поради направена техничка грешка во делот „предвидена финансиска рамка“ во вкупниот износ, се врши исправка на начин што износот од „400.000,00“ денари се брише, а на негово место се запишува износот од „524.000,00 денари“.

По изменувањето и дополнувањето точка 11 гласи:

| 11. | Десетка за Карпош<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Проектот „Десетка за Карпош“ е предвидено да се реализира во период од пет месеци, а главната манифестација да се одржи кон крајот на мај 2018 година, во соодветна сала или бина на отворено. Овој проект опфаќа две категории.<br>**Во првата категорија „Најуспешен проект“** наставниците се натпреваруваат со проекти кои ги изработиле во изминатиот период, предходната ученба година или ќе ги работат специјално, наменски за „Десетка за Карпош“. Проектите може да опфаќаат најразлични теми:еко, етно, деца со ПОП, историски, литературни, драмски, спортски, мултиетничка интеграцијуа, уредување на училишен простор и сл. Наставниците ќе можат да се натпреваруваат како поединци или во група, и за тоа ќе бидат наградени, односно парична награда ќе добијат најдобрите пет проекти.<br>**Втората категорија „Наставниците на сцена“** е всушност главната манифестација на која главната улога ја имаат наставниците придружувани од своите ученици. Преку овој тип на настап ќе се развие конекција меѓу наставникот и ученикот во поинаков амбиент од оној во рамките на наставата. Тие можат да изведат своевидна претстава-мјузикл, спот, сцена од филм, театарска претстава, танц, кореографија и сл. И во оваа категорија најдобрите пет изведувачи ќе бидат парично наградени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Десетка за Карпош е обемен проект кој има за цел да |

| | |
|---|---|
| | ги обедини сите десет општински основни училишта од Општина Карпош на едно место. Исто така претставува можност за промовирање на активностите, проектите и настаните кои се реализираат во училиштата. |
| Очекувани резултати: | Да се соединат сите наставници на едно место со отварање на можности за понатамошна меѓусебна соработка како афирмација на достигнувањата во основните училишта во општина Карпош. |
| Целна група: | Наставници и ученици од сите десет основни училишта во општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | **524.000,00 денари** |
| Трошоци: | -Награди за наставници- 111.000,00 ден со вклучен персонален данок<br>-Идејно решение за проектот- 70.800,00ден<br>- Продукција и постпродукција на целиот проект - 188.800,00 ден<br>- Користење камери- снимање- 94.400,00 ден<br>- Изнајмување простор за главната манифестација- 23.600,00 ден<br>- Користење професионално студио за снимање наменски сонгови за манифестацијата- 16.520,00 ден<br>- Организациони активности- 4.720,00<br>- Печатење постери, дипломи и пофалници за манифестацијата- 7.080,00 ден<br>- Дополнителни трошоци- 7.080,00 ден |

IV. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III.Финансирање“ износот од „34.023.000,00“ денари се брише и на негово место се запишува износот „34.147.000,00 денари“.

V. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/15
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на девета седница, одржана на 23 април 2018 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година
ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

## I. Развојни приоритетни и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа.

## II. Проектни активности

| 1. | **Бесплатни ужинки за учениците од:**<br>**- I,II,III, IV и V за учебната 2017/18 година**<br>**-I,II,III,IV и V за учебната 2018/19 година**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на бесплатни ужинки за учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и жителите на територија на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Обезбедени ужинки на секој ученик од I до V одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2017/2018 година и од I до V одделение за учебната 2018/2019 година. |
| **Целна група:** | Ученици од I до V одделение од општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **20.000.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | -набавка на ужинки |

| 2. | Бесплатни излети за учениците од:<br>- I до VII одделение за учебната 2017/2018 и<br>- I до VIII одделение за учебната 2018/19 година<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Пролетни и есенски излети за учениците во околината на Скопје |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиско олеснување на родителите на учениците од основните училишта во општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Дружење меѓу учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја. |
| Целна група: | Ученици од општинските основни училишта од I-VIII одд. |
| Предвидена финансиска рамка: | 5.000.000,00 денари |
| Трошоци: | -превоз на учениците (обезбедување автобуски превоз) |

| 3. | Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување стипендии на талентирани ученици од основните училишта во општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, техниката, културата и уметноста на меѓународни, државни, регионални и градски натпревари.<br>Стипендијата се доделува во две категории, и тоа:<br>-Прва категорија во висина од 2.500,00 денари, во времетраење од осум месеци во текот на учебната година и<br>-Втора категорија во висна од 2.000,00 денари, во времетраење од осум месеци во текот на учебната година, врз основа на претходно утврдени критериуми. |
| Стратешки насоки и цели: | Целта е да се стимулира талентот на овие ученици, преку материјалната поддршка, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат интерес и успеси. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | -развивање и следење на талентот кај посебно надарените ученици;<br>-учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците |
| Целна група: | Редовни ученици од 8 мо и 9 то одделение во основните училишта во општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **650.000,00 денари** |
| Трошоци | -Прва категорија во висина од 2.500,00 денари,<br>-Втора категорија во висна од 2.000,00 денари,<br>во времетраење од осум месеци во текот на учебната година. |

| 4. | Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Општина Карпош организира летен одмор за ученици од основните училишта од Општина Карпош, кои припаѓаат на семејства во потешка материјална состојба.<br>Предвидено е летниот одмор да се реализира во месец август, со обезбедени сместување, храна и превоз. |
| Стратешки насоки и цели: | -Забава и дружење на учениците<br>-Пливање, спорт и рекреација<br>-Посета на културно-историски обележја на градот |
| Очекувани резултати: | -Поттик за поуспешен почеток на следната учебна година<br>-Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците |
| Целна група: | Ученици од основните училишта од општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **3.500.000,00 денари** |
| Трошоци | -Превоз, сместување, храна |

| 5. | **Награди за полуматуранти-првенци на генерација**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. За таа цел на крајот на учебната година се организира свечен прием кај Градоначалникот, на кој се доделуваат парични награди на најдобрите полуматуранти, првенци на генерација од основните училишта од општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование. |
| **Очекувани резултати:** | -поттик за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси, изложби и сл;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците<br>-финансиско олеснување на родителите на учениците |
| **Целна група:** | 10 ученици - првенци на генерација од сите десет основни училишта на општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **120.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | Парични награди за првенци-полуматуранти :<br>-10 ученици по 10.000,00 ден (плус персонален данок) |

| 6. | **Прослава: 1 септември – Ден на првачињата „Добредојдовте првачиња“**<br>**Реализатор Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | На првиот училишен ден секое прваче ќе добие книга (брошура) со информативна-едукативна содржина за општината, со посвета од Градоначалникот. Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат сите основни училишта и ќе им посакаат на децата успешен почеток на учебната година. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку добивање на овој симболичен подарок, кај децата се буди чувство на среќа и радост, мотивираност за учење, дружење со другарчињата и запознавање со наставниците. |
| **Очекувани резултати:** | -Љубов кон книгата и учењето |

| | |
|---|---|
| | -Училиштето да го прифатат како втор дом.<br>- запознавање на општината во која се родени и учат |
| Целна група: | Првачињата од училиштата од Општина Карпош (околу 700) |
| Предвидена финансиска рамка: | **150.000,00 денари** |
| Трошоци: | -Набавка на училишен прибор- 130.000,00 ден<br>-Озвучување за секое училиште- 20.000,00 ден |

| 7. | Хорски натпревар меѓу училиштата<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Проектот е предвидено да трае преку цела година и ќе се одржува во просториите на сите основни училишта во Општина Карпош. Секое училиште кое има училишно хорче од ученици може да учествува во проектот. Училиштата цела година ќе вежбаат и на крајот ќе се натпреваруваат за освојување на награда. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат. |
| Стратешки насоки и цели: | Целта на проектот е да се поттикне соработката и дружењето помеѓу училиштата на територија на Општина Карпош, како и помеѓу учениците и нивните наставници. |
| Очекувани резултати: | -Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците<br>-Ослободување од трема за сценски настап |
| Целна група: | Училишните хорови од сите десет основни училишта од Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **60.000,00 денари** |
| Трошоци: | -Награди (12.000,00 ден- прво место, 9.000,00 ден- второ место и 6.000,00 ден- трето место) - 27.000,00 ден<br>-Озвучување- 10.000,00 ден<br>-Дипломи и пофалници - 5.000,00 ден<br>-Водител - 6.000,00 ден со вклучен персонален данок |

| | |
|---|---|
| | -Сокови за учениците- 4.000,00 ден<br>-Дополнителни трошоци- 2.000,00 ден<br>-Надомест за жири-комисија- 6.000,00 ден со вклучен персонален данок |

| 8. | Поддршка на проекти од областа на образованието<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | „Финансиска поддршка на проекти, едукации, доедукации, усовршувања и учества на натпревари и други активности од областа на образованието за ученици и граѓани, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на образованието за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година. |
| Стратешки насоки и цели: | -Поддршка на проекти<br>-Поттикнување за учество на разни натпревари во земјава и странство<br>-Поттик за доедукација и усовршување |
| Очекувани резултати: | Со финансиската помош што ја дава Општина Карпош се очекува подигнување на нивото за едукација и професионално усовршување и реализација на поддржаните проекти. |
| Целна група: | Ученици, поединци, здруженија на граѓани, претпријатија , од општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 3.700.000,00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | -Трошоци поврзани со проекти, едукација, доедукација, учество на натпревари, семинари, конференции и др. |

| | |
|---|---|
| 9. | Прослава на денот на Општината<br>Реализатор Општина Карпош |
| Опис на активности: | 1. Манифестација во која секое училиште се претставува со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.) Изборот на учесниците е направен од училишна комисија. За овој настан Одделението за образование формира комисија составена од стручни надворешни лица, која ќе одлучи за изборот на трите најдобри настапи т.е. прво, второ и трето место, а Општината ќе ги награди.<br>2. Манифестација во која учествуваат децата од градинките и ученици од општинските основни училшта на територија на Општина Карпош. Тие дефилираат украсени со цветови и пароли, секој од својот објект па се до местото на одржување на настанот, каде што се претставуваат ревијално со песна, игра, рецитал и др. |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| Очекувани резултати: | - Заинтересираност за учество кај учениците<br>- Мотивираност за негување на талентите и<br>- Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| Целна група: | Децата од градинките и учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Трошоци: | За манифестација 1 |

| | |
|---|---|
| | - Награди за најдобрите три учесници - 30.000,00 ден (15.000,00ден -прво место, 10.000,00 ден- второ место и 5.000,00 ден- трето место)<br>- Озвучување- 15.000,00 ден<br>- Украсување- 20.000,00 ден<br>- Водител -7.000, 00 ден со вклучен персонален данок<br>- Сокови за учесниците- 5.000,00 ден<br>- Надомест за жири-комисија- 6.000,00 ден со вклучен персонален данок<br>- Надворешен соработник- 17.000,00 ден со вклучен персонален данок<br>- Останати трошкови- 10.000,00 ден<br>Вкупно: 100.000,00 ден<br><br>За манифестација 2<br>- Озвучување - 12.000,00 ден<br>- Бина - 18.000,00 ден<br>- Водител- 10.000,00 ден<br>- Бонбони и сокчиња за децата-учесници на цветното дефиле- 10.000,00 ден<br>Вкупно: 50.000,00 ден |

| 10. | Превоз на образовни и лични асистенти од „Карпош за еднаквите во училиштата“<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Согласно проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“ потребен е месечен превоз за ангажираните образовни и лични асистенти на ученици со попречености во развојот, од девет Општински основни училишта на територијата на Општина Карпош, како дел од програмата Општинско-корисна работа за 2017 а во соработка со УНДП и АВРМ.<br>Превозот е потребен за месеците јануари, февруари, март, април и мај 2018 година, за 15 лица/асистенти. |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиско олеснување на образовните и личните асистенти со што би се овозможило навремено и квалитетно извршување на работните задачи и полесно |

| | |
|---|---|
| | движење на учениците со ПОП во наставните и вон-наставните активности. |
| Очекувани резултати: | Помош на учениците со потешкотии и попреченост во развојот при пристигнување и враќање од училиште, придружба при посета на музеи, театри, излети и други вон-наставни активности согласно Програмата за работа на училиштата. |
| Целна група: | Образовни и лични асистенти на ученици со пречки во развојот во Основните општински училишта на територијата на општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **293.000,00 денари** |
| Трошоци | Превоз за 15 лица за 5 месеци плус персонален данок =187.000,00 ден<br>Месечен надомест за 17 лица плус персонален данок= 106.000 ден |

| 11. | Десетка за Карпош<br>Реализатор Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Проектот „Десетка за Карпош“ е предвидено да се реализира во период од пет месеци, а главната манифестација да се одржи кон крајот на мај 2018 година, во соодветна сала или бина на отворено. Овој проект опфаќа две категории.<br>**Во првата категорија „Најуспешен проект“** наставниците се натпреваруваат со проекти кои ги изработиле во изминатиот период, предходната ученба година или ќе ги работат специјално, наменски за „Десетка за Карпош“. Проектите може да опфаќаат најразлични теми:еко, етно, деца со ПОП, историски, литературни, драмски, спортски, мултиетничка интеграцијуа, уредување на училишен простор и сл. Наставниците ќе можат да се натпреваруваат како поединци или во група, и за тоа ќе бидат наградени, односно парична награда ќе добијат најдобрите пет проекти.<br>**Втората категорија „Наставниците на сцена“** е всушност главната манифестација на која главната улога ја имаат |

| | |
|---|---|
| | наставниците придружувани од своите ученици. Преку овој тип на настап ќе се развие конекција меѓу наставникот и ученикот во поинаков амбиент од оној во рамките на наставата. Тие можат да изведат своевидна претстава-мјузикл, спот, сцена од филм, театарска претстава, танц, кореографија и сл. И во оваа категорија најдобрите пет изведувачи ќе бидат парично наградени. |
| Стратешки насоки и цели: | Десетка за Карпош е обемен проект кој има за цел да ги обедини сите десет општински основни училишта од Општина Карпош на едно место. Исто така претставува можност за промовирање на активностите, проектите и настаните кои се реализираат во училиштата. |
| Очекувани резултати: | Да се соединат сите наставници на едно место со отварање на можности за понатамошна меѓусебна соработка како афирмација на достигнувањата во основните училишта во општина Карпош. |
| Целна група: | Наставници и ученици од сите десет основни училишта во општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | **524.000,00 денари** |
| Трошоци: | -Награди за наставници- 111.000,00 ден со вклучен персонален данок<br>-Идејно решение за проектот- 70.800,00ден<br>- Продукција и постпродукција на целиот проект -188.800,00 ден<br>- Користење камери- снимање- 94.400,00 ден<br>- Изнајмување простор за главната манифестација- 23.600,00 ден<br>- Користење професионално студио за снимање наменски сонгови за манифестацијата- 16.520,00 ден<br>- Организациони активности- 4.720,00<br>- Печатење постери, дипломи и пофалници за манифестацијата- 7.080,00 ден<br>- Дополнителни трошоци- 7.080,00 ден |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО: | 34.147.000,00 денари |

Вкупна предвидена финансиска рамка: 34.147.000,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 34.147.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.
За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2018 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-3199/15
Датум:23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/14
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности. Поддрша на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2017), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година.

### Член 2

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието (сите области кои се однесуваат на образованието) за физички и правни лица за 2018 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

### Член 3

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година ќе ја спроведе Комисијата во јавни дејности при Советот на Општина Карпош за 2018 година.

### Член 4

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Јавниот оглас да се однесува за проекти од сите области кои се однесуваат на образованието.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.
Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги доставаат следните документи:

ФИЗИЧКИ ЛИЦА:

- Лична карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

ПРАВНИ ЛИЦА:

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Ценртален регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Краток опис на активностите од предходните години,
- домашни и меѓународни настапи и организирање на манифестации од областа на образованието
- постигнати успеси во последните 3 (три) години.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година во вкупен износ од 3.700.000,00 денари.

**Член 7**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 6 од оваа одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиран најдоцна до 31.12.2018 година.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на образованието за физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области за 2018 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година, во случај доколку се реализирани предметните проекти.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата на одобрените средства.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на образованието за 2018 година, до Општина Карпош да достават детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 11**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во објавени во јавниот оглас.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/16
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2017/2018 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2017/2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/15
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 7.Хорски натпревар меѓу училиштата од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година („ Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2017 и 4/2018), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства на музичките педагози од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за најдобри ментори на одржаниот хорски натпревар меѓу училиштата за учебната 2017/2018 година, како следи:

- за освоено прво место во износ од 12.000,00 денари, без пресметан персонален данок
- за освоено второ место 9.000,00 денари, (по 4.500,00 денари за поделено второ место) без пресметан персонален данок и
- за освоено трето место 6.000,00 денари, (по 3.000,00 денари за поделено трето место). без пресметан персонален данок.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/17**
**Датум: 23.04.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за утврдување на бесплатни ужинки за учениците од I до V одделение за учебната 2017/2018 година и учебната 2018/2019 и утврдување на бесплатен излет за учениците од I до VII одделение за учебната 2017/2018 година и за учениците од I до VIII одделение за учебната 2018/2019 година од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за утврдување на бесплатни ужинки за учениците од I до V одделение за учебната 2017/2018 година и учебната 2018/2019 и утврдување на бесплатен излет за учениците од I до VII одделение за учебната 2017/2018 година и за учениците од I до VIII одделение за учебната 2018/2019 година од општинските основни училишта од подрачјето на на Општина Карпош, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/16
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со дел II. Проектни активности, точка 1.„Бесплатни ужинки за учениците од I, II, III, IV и V за учебната 2017/2018 и учебната 2018/2019 година и точка 2.„Бесплатни излети за учениците од I до VII одделение за учебната 2017/2018 година и учениците од I до VIII одделение за учебната 2018/2019 година“ , од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и 4/2018), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за утврдување на бесплатни ужинки за учениците од I до V одделение за учебната 2017/2018 година и учебната 2018/2019 и утврдување на бесплатен излет за учениците од I до VII одделение за учебната 2017/2018 година и за учениците од I до VIII одделение за учебната 2018/2019 година од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош**

### Член 1
Со оваа одлука се утврдува доделување на бесплатни ужинки за учениците од I до V одделение за учебната 2017/2018 година и учебната 2018/2019 година и утврдување на бесплатен излет за учениците од I до VII одделение за учебната 2017/2018 година и за учениците од I до VIII за учебната 2018/2019 година од општинските основни училишта на Општина Карпош.

За бесплатни ужинки за учениците од I до V одделение за учебната 2017/2018 година се утврдува вкупен износ од 20.000.000.00денари.

За бесплатен излет за учениците се утврдува вкупен износ од 5.000.000.00 денари.

### Член 2
Средствата за исплата на бесплатните ужинки од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, Програма Н1 – основно образование, ставка 423-материјали и ситен инвентар, потставка 423 410 – прехрамбени продукти и пијалоци.
Средствата за исплата на еднодневниот излет од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, Програма Н1 – основно образование, ставка 425-договорни услуги, потставка 425 790 – други образовни услуги.

Член 3

Исплата на средствата од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на основа на доставени фактури изготвени согласно поединечно потпишан договор за исхрана и договор за изведување на излет.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/18
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2017/2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2017/2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/17
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со глава II.Проектни активности, точка 5.Награди за полуматуранти-првенци на генерација од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и 4/2018), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за доделување на финансиски средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на финансиски средства-награди во износ од по 10.000,00 денари, без пресметан персонален данок на десет ученици-полуматуранти од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2017/2018 година.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број: 09-3199/19
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за доделување половен ребраст лим, демонтиран од покривот на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош, на семејства од социјален ризик**

1. Се објавува Одлуката за доделување половен ребраст лим, демонтиран од покривот на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош, на семејства од социјален ризик, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/18
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Одлуката за давање согласност за доделување ребраст пластифициран лим на семејства од социјален ризик бр.09-1788/20 од 7.3.2018 донесена на 8мата седница на Советот на Општина Карпош („Служен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2018), а по предходно спроведена постапка од страна на Комисијата за доделување еднократка помош по барања од областа на детска, социјална и здравствена заштита, Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување половен ребраст пластифициран лим, демонтиран од покривот на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош, на семејства од социјален ризик**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за доделување половен ребраст пластифициран лим, демонтиран од покривот на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, на 2 семејства од социјален ризик - жители на Општина Карпош, врз основа на донесената Одлуката за давање согласност за доделување ребраст пластифициран лим на семејства од социјален ризик бр.09-1788/20 од 7.3.2018 донесена на 8мата седница на Советот на Општина Карпош („Служен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2018), како и врз основа на спроведената постапката по истата од страна на Комисијата за доделување на еднократна парична помош од областа на детска, социјална и здравствена заштита.

**Член 2**

Половниот ребраст пластифициран лим е со вкупна површина од цца 300 $м^2$ , од кои по 100 $м^2$ поединечно се доделуваат на:

- Лицето Виолета Ристовска со адреса на живеење на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.2/7, врз основа на поднесено барање до општината на ден 22.02.2018 година под број 54-1620/1 и на
- На лицето Десанка Спасовска со адреса на живеење на ул.„Влае“ бр.36 , врз основа на поднесено барање број 54-3187/2 од 16.04.2018 година.

**Член 3**

Постапката за додоелување на останатата количина од 100 $м^2$ ќе биде спроведена доколку за истиот биде доставено барање до општината.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе поединечни решенија, врз основа на кои ќе биде доделен лимот-предмет на оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжуваат барателите од член 2 на оваа одлука по монтирањето на предметниот лим, со писмен доказ да ја известат Комисијата за доделување на еднократна парична помош од областа на детска, социјална и здравствена заштита.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/20
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/19
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2017), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

ОДЛУКА
**за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со ова одлука се определува финансиска поддршка на 18 (осумнаесет) спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 1 од прва категорија во износ од 220.000,00 денари,
- 6 од втора категорија во износ од 150.000,00 денари,
- 8 од трета категорија во износ од 80.000,00 денари,
- 1 од четврта категорија во износ од 60.000,00 денари,
- 2 од петта категорија во износ од 40.000,00 денари,

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, за која што постапка по објавен оглас за нејзино доделување спроведе Комисија формирана од Советот на Општина Карпош, се исплаќа еднократно и е обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година – Програма ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463 – трансфер до невладини организации, потставка 463120 – трансфер до спортски клубови.

**Член 3**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/21
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата на Општина Карпош за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата на Општина Карпош за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/20
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23 април 2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата на Општина Карпош за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година

I. Во Програмата за активностите од областа на културата на Општина Карпош за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во дел II.Проектни активности, точка 3.Финансиска поддршка на културни активности, делот „Опис на активности“ се менува и дополнува на начин што текстот „ Давање финансиска подршка на успешните и креативно интересни проекти и активности на творци и културни уметнички друштва од областа на културата и се она што опфаќа културна активност.

Одобрените проекти ќе бидат промовирани и презентирани како во Општина Карпош така и пошироко низ државата и надвор од нејзе. Проектите на заинтересираните преку архивата се доставуваат до: комисија за култура на Советот на Општина Карпош, за подршката на конкретни проект ако е тој над 30.000,00 денари и ако вредноста на проектот е до 30.000,00 денари , го разгледува и комисијата за доделување за еднократна парична помош за култура“ **се брише и на негово место се запишува следниот текст:**

„Финансиска поддршка на успешните и креативно интересни проекти и активности на творци и културни уметнички друштва од областа на културата и на сите проекти кои опфаќаат културна активност, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на културата за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат заитересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година.

По изменувањето и дополнувањето на програмата на Општина карпош за активностите на Општина карпош од областа на културата за 2018 година, дел II.Проектни активности, точка 3.Финансиска поддршка на културни активности гласи:

| | 3. Финансиска подршка за културни активности |
|---|---|
| Опис на активности: | „Финансиска поддршка на успешните и креативно интересни проекти и активности на творци и културни уметнички друштва од областа на културата и на сите проекти кои опфаќаат културна активност, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на културата за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат заитересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година. |
| Стратешки насокии цели: | Целта на оваaa активност е афирмација, промоција и подршка на културните активности и творештвото на сите оние што се занимаваат со културата од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Промоција и подршка на културата и нејзините културни дејци, отварање на вратите за запознавање на граѓаните од различни облаасти на култура. |
| Целна група: | Жителите и култрните дејци од Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 1.700.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |

II. Делот „вкупно предвидена финансиска рамка“ и делот „финансирање“ остануваат непроменети.
III. Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работата на Советот да изготви пречистен текст на Програмата.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-09-3199/22
Датум:23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

| |
|---|
| Врз основа на член 22, став 1, точка 5, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на петтата седница, одржана на 26 декември 2017 година, донесе |

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

## I. Развојни приоритети и цели

1. Доближување на културата до сите граѓани.
2. Потикнување на современото општество и нејзино доближување до светските трендови.
3. Заштита, чување и креирање на културното наследство.
4. Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото.
5. Воведување на најмладите во креативните процеси.
6. Создавање услови за развој на културата како фактор за економски и социјален развој.

## II. Проектни активности

| | 1. Културно лето Карпош 2018 |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Културно и забавно анимирање на граѓаните од Општина Карпош во текот на летните месеци |
| **Стратешки насоки и цели:** | Програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати музичари и уметници од Македонија и пошироко |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Целокупна организација на настанот: Финансисиски надомест за учесниците, техничка организација, реклама. |

| | 2. Деветти меѓународен акварелен симпозиум |
|---|---|
| Опис на активности: | Традиционален собир на сликари - акварелисти во кое покрај творечките активности на авторите, се одвива и размена на искуства на авторите од различни делови на светот помеѓу себе, интерактивен однос со граѓаните на општината преку активно следење на творењето и изложбените активности на изработените дела. |
| Стратешки насоки и цели: | Промоција на Општина Карпош, во Македонија и светот, како центар на акварелот и културата, запознавање на јавноста и промоција на акварелната уметност. Потикнување на современото творештво. |
| Очекувани резултати: | Зголемување на соработката меѓу уметниците од Македонија и странство. |
| Целна група: | Уметници од Македонија и странство. |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |
| Трошоци | Сместување на уметниците, хонорари за учесниците, храна, материјал за сликање, транспортни трошоци, вон пансионски трошоци, техничка организација на изложбата. |

| | 3. Финансиска подршка за културни активности |
|---|---|
| Опис на активности: | „Финансиска поддршка на успешните и креативно интересни проекти и активности на творци и културни уметнички друштва од областа на културата и на сите проекти кои опфаќаат културна активност, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. За проекти од областа на културата за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распишува Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година. |
| **Стратешки насокии цели:** | Целта на оваaa активност е афирмација, промоција и подршка на културните активности и творештвото на сите оние што се занимаваат со културата од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промоција и подршка на културата и нејзините културни дејци, отварање на вратите за запознавање на граѓаните од различни облаасти на култура. |
| **Целна група:** | Жителите и култрните дејци од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.700.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 2.850.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.850.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2018 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението, Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-3199/22
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/21
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3. Финансиска поддрша на културни активности од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и 4/2018), Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 23.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија во култура при Советот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области најмалку три години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Јавниот оглас да се однесува за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор и музичко-сценска дејности и ликовно-уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат сретдствата.

Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

ФИЗИЧКИ ЛИЦА:

- Личка карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

ПРАВНИ ЛИЦА:

- Изработена проект,
- Финансиски план на проектот
- документ за вршење дејност од областа на културата со седиште на подрачјето на Општина Карпош или
- Тековна состојба издадена од Ценртален регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- организациона поставеност,
- домашни и меѓународни настапи и организирање на културни манифестации
- постигнати успеси во последните 3 (три) години.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, во висина од 1.400.000,00 денари.

**Член 7**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 6 од оваа одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиан најдоцна до 31.12.2018 година.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Капош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на културата за 2018 година, до Општина Карпош да доставаат детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/23
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, донесена на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/22
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 114, ставови10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, ), Советот на Општина Карпош, на деветата седница, одржана на 2018 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Со ова решение се разрешуваат членовите на управниот одбор на ЈУОДГ „Пролет“ предложени од Советот на родители на установата, а именувани од Советот на Општина Карпош, поради истек на мандат:

- Алма Тасевска и
- Снежана Александровиќ

2. За членови во управниот одбор на ЈУОДГ „Пролет“, Општина Карпош-Скопје на предлог на Советот на родители на установата, Советот на Општина Карпош ги именува:

- Зорица Јаков и
- Стојан Митев

3. Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/24
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ Карпош-Скопје, донесено на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3447/23**
**Датум: 24.04.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), Советот на Општина Карпош, на деветата седница одржана на 23.04.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ Карпош-Скопје

1. Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градника „Мајски цвет“, Карпош-Скопје бр.0101-69/1 од 13.4.2018 година, донесен со Одлука од управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“-Општина Карпош-Скопје бр.0201-68/3 од 13.4.2018 година.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Мајски цвет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-3199/25
Датум: 23.04.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесено на деветата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 април 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3447/24
Датум: 24.04.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), Советот на Општина Карпош, на деветата седница одржана на 23.04.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

